# „Ќе дојдат фитни (искушенија и нереди). Потоа ќе настапи фитна во која оној што седи е подобар од оној што оди, а оној што оди е подобар од оној што трча кон неа

Осман еш-Шехам раскажува: Јас и Феркад ес-Себехи отидовме кај Муслим бин ебу Бекре, додека беше на своето земјиште. Влеговме кај него и го прашавме: Дали си слушал од татко ти хадис за фитните (искушенијата и нередите)? Тој одговори: Да, го слушав Ебу Бекре, Аллах нека е задоволен со него, како раскажува: Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Ќе дојдат фитни (искушенија и нереди). Потоа ќе настапи фитна во која оној што седи е подобар од оној што оди, а оној што оди е подобар од оној што трча кон неа. Кога ќе се појави или ќе избие, оној што има камили – нека оди кај нив, оној што има овци – нека оди кај нив, а оној што има земја – нека се повлече на својата земја.“ Еден човек праша: „О Аллахов пратенику, а што да направи оној што нема ниту камили, ниту овци, ниту земја?“ Одговори: „Нека го земе својот меч, нека удри по острицата со камен (за да ја скрши), и нека се обиде да се спаси – ако може да се спаси. О Аллах, пренесов ли? О Аллах, пренесов ли? О Аллах, пренесов ли?“ Потоа друг човек праша: „О Аллахов пратенику, а што ако бидам присилен и ме одведат до една од двете страни (војски), па некој ме удри со меч или ме погоди стрела и ме убие?“ Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, одговори: „Тој ќе го сноси и својот и твојот грев, и ќе биде од жителите на Огнот.“

[صحيح] [رواه مسلم]

Осман еш-Шехам и Феркад ес-Себехи го прашале Муслим бин Ебу Бекре, синот на угледниот асхаб Ебу Бекре, Аллах нека е задоволен со него: „Дали си слушал хадис од татко ти за фитните и за меѓусебната борба што ќе се случи меѓу муслиманите?“ Тој одговорил: „Да. Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, известил дека по неговата смрт ќе се појават фитни. Во тие фитни, подобар е оној што седи, незаинтересиран за нив, од оној што оди во нив; а подобар е оној што оди и ги избегнува, од оној што намерно се упатува кон нив и учествува.“ Потоа Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, го упатилсекој што ќе го затекнат тие фитни во неговото време – ако има прибежиште, нека се повлече таму. Рече: „Кој има камили – нека оди кај нив; кој има овци – нека оди кај нив; кој има земја – нека се повлече на својата земја.“ Еден човек праша: ,,О Аллахов пратенику, а што да направи оној што нема ни камили, ни овци, ни земја?" Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, одговорил: „Нека го земе своето оружје, нека го скрши за да не може да го користи, и

нека се обиде да побегне и да се спаси себеси и своето семејство – ако може да се спаси.“ Потоа Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, трипати рече: „О, Аллах, дали ја пренесов пораката? О, Аллах, дали ја пренесов пораката? О, Аллах, дали ја пренесов пораката?“ Потоа друг човек праша: „О Аллахов пратенику, а што ако бидам присилен и ме одведат до една од двете страни, па некој ме удри со меч или ме погоди стрела и ме убие?“ Тој одговори: „Тој ќе го сноси и својот грев и твојот – и ќе биде еден од жителите на Оганот.“

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/66383

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC
E-Da'wah Committee